**20192383716**

## ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

Врз основа на член 42, став (7) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19), Инспекцискиот совет, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА ОБУКА ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата исодржината на програмите за обука за стекнување со лиценца за инспектор (во натамошниот текст: „Програма за обука“).

Член 2

Обуката за стекнување со лиценца за инспектор се спроведува во согласност со:

- Програма за интерактивна обука и
- Програма за практична работа и обука на работно место.

Член 3

(1) Програмата за обука се изработува во електронска и печатена верзија, на хартија во бела боја, во А4 формат.

(2) Формата и содржината на насловната и останатите страници на програмата за обука се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува со денот на отпочнувањето на примената на Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 102/19).

Бр.01-926
7 ноември 2019 година
Скопје

Инспекциски совет
Претседател,
м-р **Магдалена Филиповска-Грашкоска,** с.р.

**Прилог**
**Образец на насловната страница и останатите страници на Програмата за обука**

Грб/лого

Влада на Република Северна Македонија
**[НАЗИВ НА МИНИСТЕРСТВО/САМОСТОЕН ОРГАН НА УПРАВА]**
**[НАЗИВ НА ИНСПЕКТОРАТ /ИНСПЕКЦИСКА СЛУЖБА]**

# ПРОГРАМА ЗА ИНТЕРАКТИВНА ОБУКА / ПРАКТИЧНА РАБОТА И ОБУКА НА РАБОТНОТО МЕСТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ЛИЦЕНЦА ЗА ИНСПЕКТОР

**Дел. Бр.** ____________________ ____________________
[име и презиме]

**Датум:** ____________________ ____________________
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

**Место:** ____________________ (м.п.) ____________________
[потпис]

**Прилог**
**Образец на насловната страница и останатите страници**
**на Програмата за обука**

## Цел на програмата за обука

[Во овој дел се опишуват општите и посебните цели на програмата]

## Области и теми за обука

[Во овој дел се презентираат областите и темите за обука на инспекторите, кои се утврдени во законските прописи и другите документи од значење за инспекцискиот надзор]

## Причини за предвидените обуки

[Во овој дел се се опишуваат причините за предвидените обуки, односно кои стратешки или други цели се остваруваат со предвидените обуки во програмата за обука]

## Финансирање

[Во овој дел се опишуваат изворите од кои ќе се врши финансирање на обуката (буџет на Република Северна Македонија, сопствени приходи на инспекциската служба или други извори и колкави се проценетите трошоци за реализација на обуката]

## Начин и времетраење на реализација

[Во овој дел се прикажуваат начините и методите кои ќе бидат употребени за реализација на обуката, како и времето на траењена секоја обука]

## Прилог кон програмата

[Како прилог кон програмата, заради прегледност, се изработува табеларен приказ на планираните обуки по модул/тема, времетраење на обуката (во часови/денови) и потребни финансиски средства, во формат како во Табелата 1. подолу.]

*Табела 1 Табеларен приказ на обуките*

| Бр. | Модул/Тема | Времетраење (час/ден) | Начин на реализација | Проценети финансиски средства |
|---|---|---|---|---|
| 1 | | | | |
| 2 | | | | |
| 3 | | | | |
| ... | | | | |